FRONT 21|42
Front 21/42 www.front.org.mk
Headquarters: Vladimir Komarov 13/22, 1000 Skopje / Office: Orce Nikolov 83a, 1000 Skopje
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

---

# КОМЕНТАРИ НА НАЦРТ ЗАКОН ЗА ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

**Општи коментари:**

- Го поздравуваме законот, сметаме дека истиот, доколку соодветно се имплементира, преставува значаен чекор кон одржливо општество и одржлив развој во Република Македонија.

- Сметаме дека онака како што е претставен нацрт законот води кон несоодветно среден закон. Поради распоредот на поглавја и членови во поглавјата законот е многу тежок за следење. Со оглед на фактот дека станува збор за закон кој не е толку обемен постојат реални можности за подобра внатрешна организација.

**Коментари на посебни членови:**

1. **Член 3, став1 точка1**

„Пакувања се сите производи направени од каков било материјал кои се користат за складирање, заштита, ракување, испорака и претставување на стоки, од производителот до корисникот или потрошувачот, без оглед на тоа дали стоките се суровини или готови материјали.
Пакувања исто така се сите неповратни предмети кои се употребуваат за горенаведените цели и сите помошни средства за пакување.“

**Коментар:**
Праксата во Европските држави покажува дека се случуваат ситуации во кои има конфликтни ставови околу прецизирање на тоа дали нешто **Е** отпад од пакување или **НЕ Е** отпад од пакување. Нашиот закон не предвидува ништо за ваквите ситуации. Оваа „дупка“ може лесно да резултира со нецелосна имплементација на законот. Од нашите истражувања на соодветните закони во повеќе европски држави заклучивме дека постојат две решенија за ваквите ситуации. Едното е законот прецизно да дефинира дека во случаи на конфликтни ставови дотичниот предмет се смета **ЗА отпад од пакување**. Втора опција е во посебен член да се наведе прецизно кој е одговорен за разрешување на конфликтот.
Сметаме дека првото решение (доколку има конфликт се смета дека Е отпад од пакување) води кон подобри услови за имплементација и, секако, ги намалува можностите за манипулации и корупција.

2. **Член 3, став1 точка17 е во спротивност со Член 9:**

**Член3 став1 точка17:**
„Договор е формален договор склучен меѓу Владата на Република Македонија и стопанското здружение кое ги застапува производителите и пакувачите за постигнување на целите и насоките за пакувањата и отпадот од пакувања определени во оперативната програма за заштита на животната средина.“
**Член 9**

„За постигнување на целите и насоки поврзани со пакувањата и отпадот од пакувања дадени во програми за заштита на животната средина, се склучува посебен договор меѓу Владата на Република Македонија и стопанското здружение кое ги застапува производителите, увозниците и пакувачите. Договорот се однесува на методите за постигнување на горенаведените цели и насоки.“

**Коментар:**

Во првиот случај стои формален договор, во вториот посебен договор( за иста работа помеѓу исти субјекти постојат два различни типови на договори). Сметаме дека треба да се промени член 9  и наместо „посебен“ да се стави „формален“.

3. **Член 10**

„Пакувањата смеат да се пласираат на пазарот само ако производителот ги презел сите неопходни мерки за намалување на влијанието на пакувањата врз животната средина, без влијание врз другите функции на пакувањата.“

**Коментар:**

Вака како што е предложен Законот го регулира само отпадот од пакувања на производи произведени и пласирани по неговото стапување на сила. Недостасува член со кој ќе се регулира отпадот од пакувања произведени и веќе пласирани пред стапувањето на сила на новиот закон. Во Европската Унија субјектите кои генерирале ваков отпад (не по новите стандарди) имаат обврска да плаќаат такса за истиот. Бараме законски да се воведе и кај нас оваа такса. (Payment of a packaging excise duty tax in the event that recovery targets under the Packaging Act are not met - Regional Environmental Accession Project (REAP)).

4. **Член 11, став 1.в**

„До крајот на .........., следните количества на материјали од пакувања треба да се рециклираат:

- 60% стакло,
- 60% хартија и картон,
- 50% метали,
- 22,5% пластика, имајќи ги предвид само материјалите кои се рециклираат во пластика,
- 15% дрво.“

**Коментар:**

Го поздравуваме процентот на отпад од хартија, картон и пластика кој нашиот закон дефинира дека треба да се рециклира.

5. **Член 12**

„Извезените количества на отпад ќе се сметаат како обработени за да се исполнат обврските, под услов да има евиденција дека истите се обработени во согласност со одредбите на овој Закон.“

**Коментар:**

Сметаме дека членот не е потполн - не е дефинирано како ќе се одвива процесот на евидентирање, кој е клучен.

6. **Член 15, став 3**

„Крајниот корисник мора да обезбеди отпадот од став 1 од овој член, кој се враќа или доставува, да не е загаден со штетни или други супстанци кои не потекнуваат од пакуваните стоки и кои би можеле да претставуваат пречка во неговата

повторна употреба или обработка или кои овие процеси би ги направиле многу скапи.“
**Коментар:**
Вака како што е напишан законот не предвидува мерки кои би се примениле во случај на прекршување на овој член и став. Сметаме дека ова е неопходен услов за подобра имплементација.

7. **Член 21**

„Без оглед на одредбите од став 1 од претходниот член, производителот, увозникот, пакувачот или продавачот на мало смее самиот да собира, повторно употребува, обработува или отстранува индустриски отпад од пакувања под услов да има дозвола издаден од Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст: Министерството) дека е заведен во регистарот на производители, увозници, пакувачи или продавачи на мало кои самите управуваат со својот отпад од пакувања (во понатамошниот текст: регистар).
**Коментар:**
Сметаме дека членот не е потполн - нема дефинирање на регистарот кој се споменува (име на регистар, кој ќе го води, дали ќе биде поврзан со централниот регистар, кој, кога и какви податоци ќе доставува и каде истите ќе се објавуваат, итн). Дали тој регистар ќе биде воден според препораките на Phare Regional Environment Accession Project (REAP)?.. Сето ова треба прецизно да се дефинира и наведе во законот.

8. **Член 22 и Член 34**

**Член 22**
Дозволата од претходниот член се издава по барање од Министерството.
Барањето треба да содржи План за управување со отпад од пакувања, кој мора да ги содржи следните податоци:
- видот на пакувања во негов посед и со кои управува;
- предвиден план за количеството на индустриски отпад од пакувања кој треба да се собере од крајните корисници;
- тип и капацитет на средства и опрема за собирање, привремено складирање, сортирање и други активности пред повторната употреба, обработката или отстранувањето на отпадот од пакувања;
- проектирано вкупно годишно количество на собран отпад од пакувања и процент од материјалите дадени во член 11 од овој Закон;
- предвидени методи и субјекти на повторната употреба, обработка и отстранување на собран отпад од пакувања;
- предвиден процент на обработен отпад од пакувања и рециклирани материјали (кој најмалку треба да ги исполнува целите од член 11 од овој Закон).

**Член 34**
Планот за управување со отпад од пакувања од алинеја 2 од претходниот член мора да содржи податоци за:
- типот на пакувања за кои правното лице кој управува со системот за собирање и преработка претставено од правно лице го организира системот за управување;
- листата на производители, увозници, пакувачи и продавачи на мало од член 20 од овој Закон, или крајните корисници од член 25 од овој Закон,

за кои ќе се обезбедува управување со отпад од пакувања;
- предвидениот метод и опсегот на редовното преземање на комуналниот отпад од пакувања од јавната служба за управување со комунален отпад;
- предвидените методи и опсег за преземање и собирање на индустрискиот отпад од пакувања од крајните корисници,
- бројот и локацијата на центрите за собирање на системот за собирање и преработка претставено од правно лице
- тип и капацитет на средствата и опремата неопходна за преземање, собирање, привремено складирање, сортирање или други активности поврзани со повторната употреба, обработката или отстранувањето на отпад од пакувања;
- проектирано вкупно годишно количество на собран отпад од пакувања и процент од материјалите дадени во член 8 од овој Закон;
- методи и правни лица кои управуваат (повторна употреба, обработка и отстранување) со собраниот отпад од пакувања; и
- предвидениот процент на обработен отпад од пакувања и рециклирани материјали од отпадот од пакувања (кој најмалку треба да ги исполнува целите од член 11 од овој Закон).

**Коментари:**

- И двата члена ја уредуваат содржината на планот за управување со отпад од пакување (преклопување на членови).
- Членот 34 споменува „план за управување со отпад од пакувања во алинеја 2 од претходниот член“, а во членот 33 не е споменат план за управување со отпад од пакувања.
- Дополнително, во член 34 во обврските на наведените субјекти покрај листа на производители, увозници, пакувачи или продавачи на мало или крајните корисници за кои правното лице ќе обезбедува управување со отпад, недостасува одредба за доставување целосни извештаи од листата на производители, увозници, пакувачи или продавачи на мало (повторно се појавува потреба од досиеја и регистар).
- Недостасува член (одредба) со кој ќе се регулираат постапките во случај на одбивање на барањето за добивање на дозвола за вршење на дејноста собирање и управување со отпад од пакувања.

9. **Член 35**

Правното лице кој управува со системот за собирање и преработка мора да обезбеди еден или повеќе центри за собирање, сортирање и привремено складирање на отпад од пакувања, имајќи го на ум следното:
- густината на населението и стапката на создавање на комунален отпад од пакувања;
- алокацијата на центрите за собирање на отпад од пакувања и опсегот на собраниот индустриски отпад од пакувања; и
- физичката алокација (или оддалеченост) на постројките и опремата за рециклирање, обработка (енергетска или на друг начин) и отстранување.
Правното лице системот за собирање и преработка претставено од правно лице мора да ги обезбеди центрите за собирање каде крајните корисници би можеле да го донесат индустрискиот отпад од пакувања ако нема обезбедување на непосредно преземање од крајните

корисници или крајните снабдувачи.
**Коментар:**
Сметаме дека фразата „имајќи го на ум“ е несоодветна фраза за во закон.

**10. Член 37, став 2, алинеја 1**
„Препораки со кои од операторите или компаниите за управување со отпад од пакувања неформално се бара исправање на недостатоците и подобрување на исполнувањето на барањата за системот за собирање и преработка претставено од правно лице“
**Коментар:**
Сметаме дека „неформално барање за исправување на недостатоците“ отвара голем простор за идни манипулации и треба да се укине. Во истиот член не се предвидени парични и затворски казни во случај на неисполнување на обврски – ова е во спротивност со препораките од Phare Regional Environment Accession Project (REAP).

**11. Член 52 и член 53**
**Член 52**
„Правното лице кој управува со системот за собирање и преработка мора соодветно да ја информира јавноста и крајните корисници за намената и целта на собирањето на отпадот од пакувања, кој е соодветниот начин за ракување со тој отпад, за можностите за бесплатно предавање на таков отпад и за можностите за негово рециклирање и обработка. Компанијата од претходниот став мора на начин соодветен за населеното место да ја извести јавноста за направените локации за собирање на отпад од пакувања на територијата на таа општина.“

**Член 53**
„Владата на Република Македонија на соодветен начин ќе ја информира јавноста за адекватниот начин за ракување со отпад од пакувања (сепарација и собирање), за обврските на производителите, увозниците, пакувачите и продавачите на мало, за практичноста на соодветното враќање на отпадот од пакувања и за ефектите на управувањето со отпад системите за повратните и неповратните пакувања.“
**Коментар:**
Сметаме дека термините „соодветно“ (информирање) и „соодветен“ (начин на информирање) не се прецизни и истите треба да се заменат со прецизен опис на начинот на информирање на јавноста.

17.11.2008
Дипл. Правник
Александра Бујароска
Фронт 21/42